Арх.бр. 04-93/9

Дата: 16.03.2021 год.

Република Северна Македонија
Општина Демир Капија

ул. "11 ти Октомври" бб
Демир Капија

Тел. (043) 364 100
Факс. (043) 364 133
Е-пошта: opstinadk@yahoo.com
www. opstinademirkapija.gov.mk

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 14/20), Секретарот на Општина Демир Капија ја донесе следната

# ОДЛУКА

## за избор на кандидат на административен службеник за унапредување по интерен оглас во општина Демир Капија

**1.** Административниот службеник **АНЕТА РИСТОВА**, по пат на интерен оглас се избира за кандидат за унапредување во Општина Демир Капија на работно место **УПР0101В01000 Советник за локален економски развој**, Одделение за локален економски развој и информатичка технологија, Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој.

**2.** Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од точка 1 на оваа Одлука по завршувањето на постапката за избор и конечноста на одлуката.

**3.** Одлуката за избор ќе се објави на веб страницата на Општина Демир Капија.

## Образложение

На интернет страницата на Општина Демир Капија и на Агенцијата за администрација од ден 22.02.2021 година објавен е интерен оглас бр.01/2021 за унапредување на административен службеник (1) извршител во Општина Демир Капија.

Со Решение бр.04-93/6 од 25.02.2021 година, формирана е Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник по интерен оглас, која ја спроведе постапката за селекција за унапредување по интерен оглас во општина Демир Капија.

По спроведената постапка, Комисијата за селекција за унапредување изготви Записник од административна селекција за интерен оглас бр. 04-93/7 од 12.03.2021 година.

Согласно Записникот од спроведеното интерву и финалната ранг листа на интервјуираните кандидати и предлогот за избор на прво рангираниот кандидат бр.04-93/8 од 12.03.2021 година, за работното место Советник за локален економски развој, Одделение за локален економски развој и информатичка технологија, Сектор за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и локален економски развој, Секретарот на Општина Демир Капија изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука за избор може да се изјави жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата на Општина Демир Капија.

Изготвил:С.Крстова
Одобрил:Ј.Гацева

Општина Демир Капија
Секретар,
Борче Ставров

Доставено до:
-Избраниот кандидат
-Одделение за човечки ресурси
-Архива